Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-653/8
26.08.2013
Новаци

Врз основа на член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Советот на Општина Новаци, на ден 26.08.2013., донесе:

Одлука
за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување "Новаци", општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување "Новаци", општина Новаци, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Планскиот документ предвидува изградба на линиски објекти со намена Е1 - комунална инфраструктура. Предвидените содржини нема да имаат влијание врз животната средина, односно цевководот се приклучува на веќе изградена инфраструктура и постоечка акумулација. Објектите со намена Е1 согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. 74/05) опфаќаат проекти дадени во Прилог бр. 2, точка 1. Земјоделство, шумарство и водостопанство, (в) водостопанските проекти за земјоделство, вклучително и проектите за наводнување и за одводнување на земјиштето и според член 3 од истата Одлука за генерално определените проекти од Прилог 2 се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Република Македонија Општина Новаци Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски